# ИЗВЕШТАЈ ГРАЃАНСКИ ЗАСНОВАНИ АНАЛИЗИ 2010

## Квалитет на Социјалните Услуги




Детали за Производот:
Мека корица: 128 страни
Издавач: Универзитет на Југоисточна Европа
Тетово, Македонија, 2010 година
Јазик: Македонски, Англиски, Албански
ISBN 978-608-4503-34-7
Достапни во: http://www.seeu.edu.mk/en/research/international-projects/undp

Според дефиницијата на ЕУ, социјалната вклученост е процес кој обезбедува оние под ризик од сиромаштија и социјална исклученост да добијат можности и ресурси кои се потребни за целосна партиципација во економскиот, социјалниот и културниот живот, и да уживаат стандард на живеење и благосостојба. Третиот извештај Граѓански засновани анализи продолжува да елаборира понатаму зошто социјалната вклученост е важен аспект на нашите животи. Се вели: ,Сиромаштијата нè дели. Социјалната вклученост може да нè обедини". Кога премногу луѓе ќе паднат позади останатите, целото наше општество ослабува. Вклученоста нè повикува да се бориме за нација во која секој живее со цел, достоинство и задоволство.

Извештајот Граѓански засновани анализи 2010 на аналитичарите на политиките, носителите на одлуките и јавноста им обезбедува алатка за анализа на ефективната политика која се фокусира на перцепциите на луѓето за клучните променливи кои влијаат врз нивните животи. Во исто време, тој истражува и предлага можни политички опции кои се одговор на аспирациите и грижите на граѓаните, а во исто време го поддржува општиот развој на земјата, и нејзиниот напредок кон членството во ЕУ. Извештајот систематски ги адресира прашањата кои се поврзани со социјалната и етничката кохезија, квалитетот на управувањето, фокусирајќи го неговото внимание врз специфични теми од особено значење—рефлективни на актуелниот развој на државата и приоритетите во политиките.
За да се постигне оваа цел, серијата извештаи ,Граѓански засновани анализи" продолжува да ги набљудува перцепциите на луѓето преку регуларни анкети, кои се комплетираат со дополнителни извори на податоци, вклучувајќи статистички индикатори. Во оваа серија извештаи се користат длабински анализи кои се политички ориентирани и симултано ги набљудуваат фактите и перцепциите за да се идентификува корелацијата и да се препорачаат ефективни политички акции.

Извештајот се базира врз наодите од анкетата која беше спроведена во август, 2009 година врз 1000 испитаници од целата држава, од страна на Универзитетот на Југоисточна Европа (ЈИЕУ), со финансиска поддршка од Програмата за развој на Обединетите нации. Вака организиран, процесот на подготовка на извештајот придонесува кон целите за зајакнување на националните капацитети за анализа и адресирање на прашањата за социјална вклученост, нееднаквост и партиципацијата на граѓаните.

**Темата на извештаите Граѓански засновани анализи покрива три главни прашања посветувајќи специјално внимание на социјалните услуги во земјата.**

Социо-економските услови и квалитетот на животот дава осврт и анализа на животното задоволство и сиромаштијата, дистрибуцијата на приходот, образованието и обуките и пристапот до здравствените услуги. Ова се некои од наодите:

Луѓето кои живеат во руралните средини имаат помалку финансиски проблеми од оние кои живеат во урбаните средини.

Една третина (35%) од испитаниците позитивно ги евалуирале условите во училишните згради. Овој процент се зголемува за приватните универзитети, кои инвестирале одредени средства во училишните установи.

Нјаважните предизвици во областа на здравството се: трошоците за купување лекови (29%), цената на услугите (18%), времето кое се однесува на чекањето да се сретне докторот на денот на кој е закажан прегледот (12%), и оддалеченоста од здравствените установи (10%).

Делот од изданието кое се однесува на меѓуетничките односи ги испитува аспектите на правичната застапенсот, политичките партии и нивните лидери, прави проценка на меѓуетничките односи, предрасудите и дискриминацијата. Некои од наодите се:

11% од населението чувствува дека меѓуетничките односи се подобриле, а околу половина од испитаниците често одат во ресторани или кафе барови кои се во сопственост на лица од различна етничка група.

Приближно 54% од испитаниците се сигурни дека „нема ризик од насилен етнички конфликт" (8.9%) или дека ризикот е низок (45.5%).

Мнозинството луѓе (90%) сметаат дека не се дискриминирани во однос на нивната националност и религија во вработувањето, напредувањето во кариерата, промена на местото на живеење, кога аплицираат во некоја образовна институција, кога ги користат социјалните услуги или социјалното осигурување.

Делот од извештајот кој го обработува Квалитетот на социјалните услуги ги испитува аспектите на доверба во владата, доверба во локалните даватели на социјални услуги, проблемите со корупцијата, квалитетот на образованието и здравството. Клучните наоди се:

Приближно двојно повеќе луѓе сметаат дека нивната локална заедница нуди подобри социјални услуги од социјалните услуги кои генерално се нудат.

Меѓу етничките групи, Ромите се најмалку подготвени да го дадат своето мислење за испораката на социјалните услуги. Додека пак во однос на другите етнички групи, иако минимално, постои волја за да се искаже мислењето во однос на ова прашање.

Respondents believe that the central government would do the best job in providing education services, services for elderly, for children and for the disabled.

За серијата извешаи Граѓански засновани анализи: Извештајот Граѓански засновани анализи 2010 година, продолжува да ги испитува трендовите и аспектите на социјалната вклученост, кое беше иницирано во првиот број, издаден во Март, 2008 година, каде главниот фокус беше социјалната вклученост испитувана од аспект на управувањето и етничките димензии. Оваа серија на извештаи продолжува со следното издание издадено во Април, 2009 година, каде главиот фокус беше на регионалниот развој и квалитетот на живот. Секој извештај се базира на наодите од анкетата на 1000 испитаници (3000 испитаници за вториот регионален извештај) од целата држава со финансиска поддршка на Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП). Овие извештаи целат кон креирање на простор за професионално, непартизирано, балансирано, прагматично и конструктивно независно истражување на политиките и капацитетите во државата, со поглед на зголемување на инклузивноста и креирањето на политика базирана врз докази, квалитет на управување и животот на луѓето.

ЗА КОНЦЕПТОТ НА СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ: Социјалната инклузија ги дефинира вредностите на општеството со препознавање на "должноста за грижа" на власта да ги обезбеди сите потребни средства за секој поединец да биде дел од општеството со еднакви социјални, економски и/или политички можности. Таа исто така ги адресира сите форми на нееднаквоста внатре во државата. Социјалната вклученост е одговор на институционалната неефикасност, што претставува долгорочен процес кој бара промени во социјалните ставови и врските на моќта. Таа исто така има оперативна пристрасност, осмислувајќи одговори во политиките, ефективно распознавајќи дека Државата има "должност да се грижи" да ги вклучи сите членови на општеството во политичките , економските и социјалните процеси. Дополнително, социјалната вклученост мора да одговори на различните видови дискриминација во однос наполот, возраста, етничката припадност или инвалидитетот, итн.

Универзитетот на Југоисточна Европа е институција за високо образование која се наоѓа во осмата година на нејзиното постоење. Од отворањето на нејзиниот кампус во Тетово во октомври, 2001 година, таа успеа да се етаблира како универзитет чија работа се раководи од високи стандарди за квалитет и е финансиски одржлива. Во денешно време, тој е модел за мултиетничка, мултијазачна образовна институција во Југоисточна Европа. Тој успеа во комбинирањето на најдоброто од Европското искуство и искуството на Соединетите Американски Држави, и продолжува да ги користи бенефициите од академската соработка спонзорирана од Европската Комисија и УСАИД, меѓу другите донатори. ЈИЕУ се истакнува од другите институции во промовирањето на соработката во истражувањето, размената на студенти и академски кадар и неговата заедница. www.seeu.edu.mk